**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-104/2**
**30.01.2018 година**
**Д е л ч е в о**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната Четвртата седница на Советот на**
**Општина Делчево**

Седницата се одржа на ден 30.01.2018 година (вторник), во салата на ООУ „Ванчо Прке"со почеток во 14.20 часот.

На седницата присуствуваа 15 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Николчо Ситновски
5. Јулија Крстевска
6. Влатко Величковски
7. Вице Стоиловски
8. Кирил Тренчевски
9. Ванчо Велиновски
10. Катица Трајкова Тасева
11. Славица Димитрова
12. Сашко Јовановски
13. Кристи Стојковски
14. Дијана Јосифовски
15. Билјана Ѓеоргиевска

На седницата исто така присуствуваа и образлагачите по точките: Горан Петровски-Раководител на дделението за урбанизам, Звонко Атанасовски-Советник за уредување на градежно земјиште, Маја Стоименовска-Соработник за работа со ГИС,Сузана Петровска-Раководител на Одделението за правни и општи работи, Љупчо Симоновски, Овластен инспектор за животна средина, Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР и Розета Цонева-ВД Директор на ЈПКД "Брегалница".

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Драган Маневски кој за денешната седница го предложи следниот

**Дневен ред**
**-Усвојување на Записникот од Третата седница**

**1.**Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2018 година;

**2.**Предлог-Одлука за вклопување на бесправно-изграден објект магацин за прехранбени и предмети за домаќинство во урбанистичко-планска документација на Надица Стојменовска;

3.Предлог-Одлука за вклопување на бесправно-изграден објект станбена куќа во урбанистичко-планска документација на Икма Зекировска;

**4.**Предлог-Одлука за вклопување на бесправно-изграден објект помошен објект во урбанистичко-планска документација на Зоран Ордев;

**5.**Предлог-Одлука за вклопување на бесправно-изграден објект викенд куќа А4 во урбанистичко-планска документација на Мухамед Кајтазов Делчево;

**6.**Предлог-Одлука за вклопување на бесправно-изграден објект помошен објект во урбанистичко-планска документација на Мухамед Кајтазов Делчево;

**7.**Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М5 Делчево-М.Каменица-Општина Делчево;

**Образлагач:**Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам, уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина.

**8.**Предлог-Одлука за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на општина Делчево.

**Образлагач:**Звонко Атанасов-Советник за уредување на градежно земјиште.

**9.**Предлог-Листа за определување на имиња на улици,плоштади,мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Делчево

**Образлагач**: Маја Стоименовска-Соработник за работа со ГИС.

**10.** Предлог-Програма за работа на Одделението за превенција, заштита и спасување при Општина Делчево;

**Образлагач:**Кире Цоневски-Соработник за заштита и спасување.

**11.**Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2018 година;

**Образлагач:**Розета Цонева, ВД директор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево.

**12.**Програма за реализација на ученичка екскурзија од трето одделение при ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево со Мислење;

13.Програма за реализација на ученичка екскурзија од шесто одделение при ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево со Мислење;

**14.**Програма за реализација на ученичка екскурзија од деветто одделение при ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево со Мислење;

**Образлагач:** Горан Димитровски-ВД Директор на ООУ „Св.Климент Охридски"**;**

**15.**Предлог-Одлука за формирање на Локален совет за превенција;

**16.**Предлог-Одлука за формирање на Совет за јавно здравје на Општина Делчево;

**17.**Предлог-Одлука за формирање на Комисија за заштита на правата на пациентите;

**18.**Предлог-Одлука за формирање на Совет за заштита на потрошувачите;

**19.**Предлог-Одлука за приоритетен проект „Одделеување на фекалната од атмосферската канализација на Милково Брдо-дел 2-Делчево во Делчево;

20.Предлог-Одлука за приоритетен проект „Изработка на техничка документација за одделеување на фекалната од атмосферската канализација во населба Ново Делчево, СРЦ и Шумски расадник и одделување на фекалната од атмосферската канализација на ул. „Орце Николов" и изградба на главен колектор од СРЦ и Шумски расадник.

**21.**Предлог-Одлука за краткорочно домашно задолжување на општина Делчево;

**Образлагач**:Тони Стоименовски-Советник за поддршка на ЛЕР.

**22.**Информација за загадувањето на воздухот во Општина Делчево и мерки преземени од страна на овластениот инспектор за животна средина.

**Образлагач**: Љупчо Симоновски-Овластен инспектор за животна средина.

**23.**Правилник за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево;

**Образлагач**: Сузана Петровска-Раководител на Одделението за правни и општи работи и

јавни дејности.

Претседателот отвори расправа по предожениот дневен ред и процедурално за збор се јави Сашко Ивановски-координатор на советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата кој предложи Дневниот ред за оваа седница да биде дополнет со неколку одлуки и тоа:

-Одлука за водење на стенографски белешки и обезбедување тонско снимање, со цел јавност во работата на Советот и подобро информирање на граѓаните;

-Одлука за бесплатен превоз на пензионери од селата во сабота (пазарен ден) ;

-Одлука за бесплатен оброк на учениците во 2018-2019 година;

-Одлука за доделување на финансиска помош на луѓето од с.Селник за штета од пожар.

Претседателот на Советот, Драган Маневски рече дека предлозите за дополнување на дневниот ред треба писмено да се доставaт до него со образложение за секоја одлука посебно. Тој ќе раговара со службите во Општината и со Градоначалникот и доколку има услови и финансиски средства, одлуките ќе бидат ставени на дневен ред на седница на Совет. Тој упати забелешка до членовите на Советот од ВМРО ДПМНЕ затоа што ја напуштиле минатата седница на Советот кога на дневен ред бил Буџетот на Општина Делчево. Тогаш можевте да дадете предлози за дополнување на истиот, да предложите вакви одлуки, но како и да е, доставете ги овие предлози за дополнување со образложение до мене писмено, рече претседателот на Советот на Општина Делчево.

Претседателот на Советот на Општина Делчево, Драган Маневски предложи уште една точка на дневен ред и тоа:Предлог-Одлука за формирање на Штаб за заштита и спасување на подрачјето на општина Делчево.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по дневниот ред беше затворена и дневниот ред со дополнувањето беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 4.седница на Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 3.седница на Советот на Општина Делчево. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а записникот беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево, го усвои Записникот од Третата седница на Советот.

**Прва точка-Предлог-Програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2018 година;**

Образложение по оваа точка поднесе Горан Петровски кој рече дека оваа точка се донесува согласно член 20 од Законот за просторно планирање и во неа се планирани сите детални урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево кои ќе се изработат во 2018 година, тука спаѓаат и планови за кои постапката е започната во 2017 година, но не се завршени. Програмата содржи 12 точки. **Првата точка** е довршување на Детален урбанистички план - Лесна индустрија и сервиси на м.в. „Стар монопол" Делчево - дел од блок 2,6,Урбана единица 2- со граници кои ви се дадени во самата програма.

**Втората точка** е Довршување на Детален урбанистички план за урбана единица2 , дел од блок 2,7 – „Централно градско подрачје".

Тој истакна дека во третата точка има направено грешка и треба да стои Детален урбанистички план за Индустриска зона, УЕ 1 дел од блок 1.2, локалитет Север 1.

**Четвртата точка** е Детален урбанистички план Индустриска и сервисна зона во град Делчево дел од Блок 2.1 во Урбана единица 2 со граници, а **Петтата** е Измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план Старо Делчево во Делчево, дел од Урбана единица 3, Блок 3,3.

**Шестата точка** е Урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М5 Делчево – Македонска Каменица**, а Седмата** е изработка на Детален урбанистички план за Модул М-2 дел од населба Пролет 1 Делчево, урбана единица 1 блок

1,4.

**Осмата точка** се однесува на Изработка на ДУП за Спортско рекреативен центар –Пијанец, Урбана единица 2, дел од Блок 2,4, а Деветтата за Изработка на Детален урбанистички план за Сервисна зона (Исток) Урбана единица 3,дел од Блок 3.1.

Во наредните 3 точки стои дека по покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се вршат измени и дополнување и на други делови од Генералниот урбанистички план (ГУП) со дополна на Деталниот урбанистички план (ДУП) на град Делчево и да се донесува Локална урбанистичка документација, Проекти за инфраструктура, урбанистичко планска документација за туристичка развојна зона,урбанистичко планска документација за автокамп, урбанистички план вон населено место во катастерските општини на сите села во општината,како и урбанистички план за село за сите села.
Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Дејан Георгиевски кој праша зошто во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2018 година повторно ја има точка 6 -Урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М5 Делчево – Македонска Каменица, кога Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука на 17.11.2017 година?
Горан Петровски рече дека оваа точка е ставена во Програмата како обврска која треба да се заврши во 2018 година, инаку како посебна точка (7) ја има на дневен ред и на денешната седница, но зошто истата е на дневен ред на денешната седница, ќе дадам образложение кога точката ќе дојде на дневен ред, рече тој.
Славица Димитрова праша на што се однесува точката 8, бидејќи очигледно некој збор недостасува. Во програмата стои:Изработка Спортско рекреативен центар –Пијанец, Урбана единица 2, дел од Блок 2,4, а Деветтата за Изработка на Детален урбанистички план за Сервисна зона (Исток) Урбана единица 3,дел од Блок 3.1.
Горан Петровски рече дека по зборчето „изработка" треба да стојата зборовите :„на ДУП". Истите се испуштени и се извинувам, рече тој.
Славица Димитрова праша кој го финансира планот, општината или инвеститорите, а Г.Петровски рече дека овој план го финансира општината.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката со измените и дополнувањата во т.6 и т.8, беше ставена на гласање.
Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево, ја донесе Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2018 година.

**Втора точка-Предлог-Одлука за вклопување на бесправно-изграден објект магацин за прехранбени и предмети за домаќинство во урбанистичко-планска документација на Надица Стојменовска;**

Образложение по оваа точка поднесе Г.Петровски кој истакна дека оваа одлука се однесува на бесправно изграден објект, Магацин за прехранбени и предмети за домаќинство, означен во елаборат како зграда бр.2 изграден на КП бр.5558**,**КО Делчево**,** запишана во имотен лист бр**.** 12132, и кој бесправен објект е во урбанистички план во зона со намена различна од предвидената. Барањето е поднесено од страна на Надица Стојменовска.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Дејан георгиевски кој го праша образлагачот дали објектот кој што треба да се регализира ги исполнува условите за пренамена?

Претседателот на Советот Драган Маневски имаше забелешка на формулацијата на ставот 2 во член 1 на одлуката кој гласи:„Советот на Општина Делчево констатира дека за истиот може да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација". Тој го праша образлагачот како, на кој начин Советот констатира дека може да се изврши пренамена на намената кога Советот нема увид ниту во документацијата, ниту во фактичката состојба на терен, ниту,пак, е стручен во таа област?Советот не може да констатира или утврдува, Советот донесува одлука, а утврдувањето и констатирањето е работа на Одделението за урбанизам, вие сте стручни за

таа работа и на Советот треба да му „сервирате" готови предмети, усогласени со закон.

Г.Петровски рече дека неговото мислење за Законот за легализација е негативно и дека донесувањето на овој закон предизвикало многу проблеми во областа на урбанизацијата. Што се однесува до забелешката на претседателот на Советот, во врска со ставот 2 од член 1 на одлуката, тој истакна дека така е во Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11) и е преземено оттаму. Инаку, забелешката е во ред.

Влатко Величковски рече дека забелешките се во ред бидејќи навистина Советот има донесено многу вакви одлуки, материјата е специфична, а членовите на Советот не се стручни дали треба да има пренамена или не. Тоа е работа на комисиите кои одат на терен и на Одделениетo за урбанизам.Треба да се внимава да не се доведе Советот во незгодна ситуација, рече тој.

Претседателот на Советот даде 5 минути пауза за да се проверат законските прописи во врска со забелешката за ставот 2 на член 1 од одлуката.

По паузата, образлагачот ги информираше членовите на Советот дека овој став целосно е презмен од Правилникот вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11). Тој рече дека ќе изврши консултација со колеги од други општини со цел да види како гласат одлуките за легализација и дали во иднина ќе има промени во тој дел или не.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вклопување на бесправно-изграден објект магацин за прехранбени и предмети за домаќинство во урбанистичко-планска документација на Надица Стојменовска.

**Трета точка-Предлог-Одлука за вклопување на бесправно-изграден објект станбена куќа во урбанистичко-планска документација на Икма Зекировска;**

Образложение по оваа точка поднесе Г.Петровски кој рече дека станува збор за бесправно-изграден објект станбена куќа во урбанистичко-планска документација на Икма Зекировска од с.Тработивиште.

Претседателот отвори расправа.Бидејќи никој не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вклопување на бесправно-изграден објект станбена куќа во урбанистичко-планска документација на Икма Зекировска.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за вклопување на бесправно-изграден објект помошен објект во урбанистичко-планска документација на Зоран Ордев**;

Образложение поднесе Г.Петровски кој рече дека и оваа одлука е за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација. Барањето е поднесено од страна на Зоран Ордев.

Претседателот отвори расправа.Бидејќи никој не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вклопување на бесправно-изграден објект помошен објект во урбанистичко-планска документација на Зоран Ордев.

**Петта точка-Предлог-Одлука за вклопување на бесправно-изграден објект викенд куќа А4 во урбанистичко-планска документација на Мухамед Кајтазов Делчево;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека оваа одлука се однесува на вклопување на бесправно изграден објект викенд куќа на Муамед Кајтазов ул. ,,Борис Кидрич" бб Делчево, означен во елаборат како зграда бр.1 изграден на КП бр. 6087/7 запишана во имотен лист бр. 2005 КО Делчево запишана, и кој бесправен објект е надвор

од урбанистички плански опфат.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вклопување на бесправно-изграден објект викенд куќа А4 во урбанистичко-планска документација на Мухамед Кајтазов Делчево.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за вклопување на бесправно-изграден објект помошен објект во урбанистичко-планска документација на Мухамед Кајтазов Делчево**;

И оваа точка ја образложи Г.Петровски кој рече дека се однесува на Мухамед Кајтазов, станува збор за помошен објект.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вклопување на бесправно-изграден објект помошен објект во урбанистичко-планска документација на Мухамед Кајтазов Делчево.

**Седма точка-Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М5 Делчево-М.Каменица-Општина Делчево**;

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам, уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина, кој рече дека оваа одлука овој состав на Советот ја донел претходно на 17.11.2017 година. Бидејќи Комисијата за урбанизам констатирала повеќе грешки во одлуката, истата мора да се донесе вторпат, со тоа што во текстот на одлуката се исправени сите грешки и е постапено по сите забелешки.

Претседателот на Советот отвори расправа по точката и рече дека заедно со оваа одлука во материјалите е доставена и претходната одлука која ја донел Советот на 17.11.2017 година, со маркер се обележани сите пропусти и грешки кои во новата одлука се коригирани.

Влатко Величковски рече дека ако се споредат двете одлуки може да се забележи разлика во опфатот и го праша образлагачот дали има законски одредено колку треба да биде минималниот опфат и од што зависи тоа?

Г.Петровски рече дека минимален опфат законски е предвиден само за намена домување.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА" Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М5 Делчево-М.Каменица-Општина Делчево;

**Осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на општина Делчево.**

Образлагач по оваа точка беше Звонко Атанасов-Советник за уредување на градежно земјиште кој истакна дека со оваа одлука се определуваат зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во предходната година на подрачјето на Општина Делчево, во однос на претходна година. Истата се донесува врз основа на Законот за даноците на имот и Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен

имот.Реално има потреба од донесување на  ваква одлука бидејќи истата служи за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, но исто така, кога има Жалба по некое решение, мора да постои ваков акт.

Одлуката ја имате добиено сите, составена е од 12 члена, доколку има прашања повелете, рече З.Атанасов.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сашко Ивановски кој го праша образлагачот како, по кој критериум се утврдени цените на наедвижниот имот во селските населби бидејќи не се исти, во едни села се пониски, а во други повисоки, така што на накој начин на 1 страна има привелигирани, а на друга страна оштетени граѓани?

З. Атанасов рече дека тие цени се одредени врз основа на некои согледувања на Комисијата и на проценителите и според просечна цена на извршени купопродажби во претходната година за пазарна вредност на градежно земјиште во населените места во Општина Делчево.Овие цени се применуваат за дворно место и место кое може да биде идно дворно место или место за градба во село најмногу до 500 м2, а останатото земјиште во село се проценува како земјоделско земјиште.

Дејан Георгиевски го праша образлагачот дали не може да се користи проценката што граѓаните ја приложуваат кога го ставаат имотот под хипотека за добивање на кредит?

З.Атанасов рече дека може да се кориси таа процена, а на процената што ја прават општинските проценители влијаат и други фактори.

Катица Трајкова Тасева го праша образлагачот дали при формирањето на цената се има предвид само просечната цена според купопродажен договор во претходна година или цената на недвижниот имот зависи од други фактори, ако е така кои се тие?

З.Атанасов рече дека на цената влијаат и други фактори (микро и макро локација) и дека таа цена која се утврдува сега со одлука не е никогаш погодена 100%, големо влијание има и тоа како ќе се испазарат купувачот и продавачот. Овие цени се само некоја рамка, рече тој.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата и по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходната година на подрачјето на општина Делчево.

**Деветта точка-Предлог-Листа за определување на имиња на улици,плоштади,мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Делчево;**

Образлагач по точката беше Маја Стоименовска-Соработник за работа со ГИС која истакна дека оваа одлука се донесува како резултат на претходно донесената со која се формираше Комисија за определување на имиња на улици,плоштади,мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Делчево. По нејзиното донесување, беше објавено соопштение за доставување на предлози. Потоа Комисијата одржала седница на која во консултација со Градоначалникот на Општина Делчево и општинската администрација е изготвена Листа која ви е доставена на увид.

Доколку има некои прашања, забелешки или предлози, повелете, рече М.Стоименовска.

Претседателот отвори расправа по точката, бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја усвои Листата за определување на имиња на улици,плоштади,мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Делчево.

**Десетта точка-Предлог-Програма за работа на Одделението за превенција, заштита и спасување при Општина Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Кире Цоневски-Соработник за заштита и спасување кој истакна дека оваа Програма се донесува врз основа на чл.36 од Законот за локална самоуправа,потоа член 10,11 и 12 од Законот за заштита и спасување на РМ  и Законот за пожарникарство на РМ. Во неа се предвидени сите активности што Одделението за превенција, заштита и спасување ќе ги спроведе во 2018 година, како и финансиската конструкција за спроведување на оваа Програма. Во образложението тој истакна дека долгогодишната пракса т.е.теристичко третирање (прскање) против комарци, не дава резултати и затоа предложи да има авионско прскање.

Градоначалникот на Општината рече дека е факт оти теристичкото прскање не дава резултати и затоа и тој смета дека е подобро да има авионско третирање против комарци.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Славица Димитрова која го праша образлагачот дали општината ги има предвидено средствата за авионско прскање?

К.Цоневски рече дека во Буџетот на Општина Делчево за 2018 година се предвидени средствата за авионско прскање.

Билјана Ѓеоргиевска праша дали првпат се прави ваква програма, дали имало предвидено вакви средства и дали биле искористени?

К.Цоневски рече дека за оваа активност минатата година не биле предвидени вакви средства.

**Единаесетта точка- Одлука за давање согласност на Програмата за работа на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2018 година;**

Образлагач по оваа точка беше Розета Цонева, ВД директор на ЈПКД „Брегалница"-Делчево која истакна дека оваа програма се донесува врз основа на член 19 став 2, точка 2 и член 23 став 4 од Законот за јавни претпријатија и при нејзиното изготвување се земени предвид целите и интересите за постигнување што подобри резултати, со целосно искористување на капацитетите, максимално подигање на нивото на услугите, максимално искористување на вработените и опремата, а во исто време максимално намалување на трошоците во работењето.

ЈПКД „Брегалница"-Делчево во 2018 година посебно ќе се посвети на:
-дистрибуција на чиста и здрава вода за пиење;
-Одведување на  урбани отпадни води преку кан.мрежа;
-собирање, транспорт и депонирање на комунален отпад;
-расчистување на диви депонии;
-изградба на нова и реконструкција на постојна водоводна и канализациона мрежа;
-чистење и метење на улици и јавни површини;
-одржување и уредување на паркови и јавни зелени површини;
-одржување, уредување и управување со градски гробишта;
-одржување на градскиот пазар;
-одржување на јавното улично осветлување;
-изградба на нови и реконструкција на постојни пристапни и пешачки патеки и тротоари;
-крпење на ударни дупки, прекопи нз улици и др.

Во продолжение на образложението директорката ги информираше членовите на Советот за организациската поставеност на јавното претпријатие, како и на реализираните и планираните активности на секој сектор посебно, како и на финансиските средства кои се потребни за реализација на Програмата за работа во 2018 година.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави катица Трајкова Тасева која рече дека има една сугестија до директорката на ЈПКД „Брегалница" заподобрување на ХТЗ опремата за вработените во ЈПКД „Брегалница"-Делчево, бидејќи  смета дека луѓето што работат во ЈП не се доволно опремени, а работат такви работи кои бараат соодветна

заштитна облека и опрема.Незамисливо е во 21 век луѓето да немаат соодветна заштитна облека и опрема. Да се скратат средства од некои непродуктивни трошоци и да се набави соодветна ХТЗ опрема, предложи К.Т. Тасева.

Директорката на ЈПКД „Брегалница" рече дека предлогот е сосема во ред и декас ќе се потрудат колку што можат да набават нова ХТЗ опрема, исто така да набават и машина за метење на улиците и другите јавни површини.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА" и 7 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Програмата за работа на ЈПКД „Брегалница"-Делчево за 2018 година.

**Дванаесетта точка-Програма за реализација на ученичка екскурзија од трето одделение при ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево со Мислење;**

Образложение по оваа точка поднесе Горан Димитровски ВД Директор на ООУ „Св.Климент Охридски кој рече дека оваа Програма е за екскурзија на учениците од трето одделение која согласно Правилникот за екскурзии се реализира секоја година. Програма содржи:цели, задачи, содржина, времетраење, локација за посета,техничка организација, обврски на реализаторот на екскурзијата, обврски на учесниците и раководителите и финансирање на екскурзијата.Програмата е изработена од страна на стручен тим, еднодневна е и ќе се реализира во втората половина на мај.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево даде позитивно Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија од трето одделение при ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево.

**Тринаесетта Програма за реализација на ученичка екскурзија од шесто одделение при ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево со Мислење;**

И оваа точка ја образложи Г.Димитровски кој истакна дека учениците од шесто одделение ќе одат на дводневна екскурзија низ источниот дел на Р.Македонија. И Програмата за оваа екскурзија содржи:цели, задачи, содржина, времетраење, локација за посета,техничка организација, обврски на реализаторот на екскурзијата, обврски на учесниците и раководителите и финансирање на екскурзијата.Програмата е изработена од страна на стручен тим.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево даде позитивно Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија од шесто одделение при ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево.

**Четиринаесетта точка-Програма за реализација на ученичка екскурзија од деветто одделение при ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево со Мислење**;

Образлагач по точката беше Горан Димитровски-ВД Директор на ООУ „Св.Климент Охридски" кој рече дека екскурзијата за деветто одделение ќе се изведува три дена во Скопје, Струга и Битола.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево даде позитивно Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија од деветто одделение при ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за формирање на Локален совет за превенција;**

Оваа точка ја образложи претседателот на Советот, Драган Маневски кој рече дека овој Локален Совет за превенција како советодавно и координативно тело, заради

остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на полицијата. Целта на Локалниот Совет за Превенција се состои во изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на општина Делчево, како и градење на доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата. Локалниот Совет за Превенција е составен од претставници на локалната и централната власт, како и други владини и невладини организации.Со Локалниот Совет за Превенција заседава Градоначалникот на Општина Делчево. Претставници во Советот од член 1 на оваа одлука се:

-Полициска станица – Делчево-командир;
-Полициска станица од Општа надлежност-Делчево-Инспектор по превенција;
-Основно јавно обвинителство-Делчево-Јавен обвинител
-Драган Маневски, Претседател на Советот на Општина Делчево
-Вице Стоиловски, член на Советот на Општина Делчево;
-Николчо Ситновски, член на Советот на Општина Делчево;
-Кирил Тренчевски, член на Советот на Општина Делчево;
-Катица Трајкова Тасева, член на Советот на Општина Делчево;
-Јулија Крстевска, член на Советот на Општина Делчево;
-Дејан Георгиевски,член на Советот на Општина Делчево;
-Николина П. Мавродиева, Виш соработник за сообраќај и патишта;
-Кире Цоневски-Соработник за превенција и справување со кризна состојба, заштита и спасување;
-ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев"-Делчево-Директор;
-ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Делчево-Директор;
-Оддление за урбанизам, уредување на градежно земјиште и заштита на животна средина-Раководител;
-ТППЕ Делчево-Командир;
-ЈПКД „Брегалница"-Делчево-Директор;

Претседателот отвори претрес и бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.
Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање на Локален совет за превенција.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за формирање на Совет за јавно здравје на Општина Делчево;**

И оваа точка ја образложи Д.Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека согласно член 18 од Законот за јавно здравје, во општина Делчево се формира Совет за јавно здравје во состав:
1.Шабан Багашов, претставник на Општината
2. Маја Стоименовска, претставник на Општината
3. Катица Трајкова Тасева,претставник на Советот на Општината
4. Билјана Ѓеоргиевска претставник на Советот на Општината
5. Надица Ефтимовска- претставник на Центарот за јавно здравје Кочани, РЕ Делчево
Советот за јавно здравје на Општина Делчево има задача да ги проучува прашањата и политиките во областа на јавното здравје, да изготвува мислења, да дава иницијативи и/или предлози до органите на единиците на локалната самоуправа.
Претседателот отвори претрес и бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.
Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за јавно здравје на општина Делчево.

**Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за формирање на Комисија за заштита на правата на пациентите;**

Образложение по точката поднесе Д.Маневски кој рече дека Комисијата се состои од 9 девет члена и тоа: двајца претставници на пациентите - членови на здруженијата на пациенти,

двајца претставници од невладините организации што се занимаваат со човечките права и граѓанските иницијативи, двајца лекари од општината и тројца членови делегирани од советот на општина Делчево.
За членови на Комисија за унапредување на правата на пациентите во општина Делчево се избираат:

1. Лидија Дамјанова-Здружение на пациенти дијабетичари
2. Љупчо Василевски-Здружение на пациенти „Нефрон"
3. Виолета Арсова, примариус доктор, во пензија
4. Јелица Стојковска, примариус
5. Зоран Биковски, ХДЗР "КХАМ"-Делчево
6. Александар Николовски,ЗГ „Бравура кооператива
7. Вице Стоиловски, член на Советот на Општина Делчево
8. Сашко Јовановски, член на Советот на Општина Делчево
9. Кирил Тренчевски, член на Советот на Општина Делчево

Претседателот отвори расправа по точката и бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање на Комисија за заштита на правата на пациентите;

**Осумнаесетта точка- Предлог-Одлука за формирање на Совет за заштита на потрошувачите;**

И оваа точка ја образложи претседателот на Советот, Драган Маневски кој рече дека со оваа одлука се формира Совет за заштита на потрошувачи во состав:
Се формира Совет за заштита на потрошувачите на општина Делчево во следниов состав:

1. Влатко Величковски , претседател (Совет на Општина)
2. Дијана Јосифовски ,член (Совет на Општина)
3. Славица Димитрова ,член (Совет на Општина)
4. Сребран Ѓорѓиевски,член здружение на потрошувачи, здружение на граѓани
5. Методи Кушовски,член-ЈПКД „Брегалница"-Делчево
6. Ѓоко Петровски ,член - УЗ Први Реон
7. Зоран Димитровски ,член - МЗ Стамер
8. Драган Ѓорѓиевски,член - Државна пазарна инспекција
9. Митра Илиевска,член - Државна пазарна инспекција

Претседателот отвори расправа по точката. За збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека во Одлуката има техничка грешка, наместо Ѓоко Поповски, треба да стои Ѓоко Петровски
Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.
Со 13 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање на Совет за заштита на потрошувачите**;**

**Деветнаесетта точка-Предлог-Одлука за приоритетен проект „Одделување на фекалната од атмосферската канализација на Милково Брдо-дел 2-Делчево во Делчево**;

Оваа точка ја образложи Т.Стоименовски кој рече дека одлуката е потребна за аплицирање на проект во Министерството за транспорт и врски. Станува збор за грант, средства што Владата на РМ ги доби преку Европската инвестициона банка. Такви проекти веќе има реализирано во нашата општина, пред 4 години беше изградена канализација во селата Вирче и Град. Инаку, станува збор за одделување на фекалната од атмосферската канализација на Милково брдо-дел2-Делчево. Проектот има вредност од 11.204.139.92 денари. Се надевам дека техничката документација че биде одобрена и напролет ќе се распише тендер, истакна Т.Стоименовски.

Претседателот отвори расправа по точката и рече дека лично го знае проблемот со кој се соочуваат граѓаните што живеат на Бул. Македонија бр.29 и се надева дека со овој проект ќе се реши долгогодишниот проблем.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за приоритетен проект „Одделување на фекалната од атмосферската канализација на Милково Брдо-дел 2-

Делчево во Делчево.

**Дваесетта точка-Предлог-Одлука за приоритетен проект „Изработка на техничка документација за одделување на фекалната од атмосферската канализација во населба Ново Делчево, СРЦ и Шумски расадник и одделување на фекалната од атмосферската канализација на ул. „Орце Николов" и изградба на главен колектор од СРЦ и Шумски расадник.**

И оваа точка ја образложи Т.Стоименовски кој рече дека е иста како и претходната точка, но се работи за ул.„Орце Николов". За проектот нема техничка документација и истата ќе се бара од страна на донаторот, вредноста на проектот е 190.000 евра.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за приоритетен проект „Изработка на техничка документација за одделување на фекалната од атмосферската канализација во населба Ново Делчево, СРЦ и Шумски расадник и одделување на фекалната од атмосферската канализација на ул. „Орце Николов" и изградба на главен колектор од СРЦ и Шумски расадник.

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за краткорочно домашно задолжување на општина Делчево;**

Образлагач и по оваа точка Тони Стоименовски-Советник за поддршка на ЛЕР кој рече дека оваа одлука Советот веќе еднаш ја донел, но заради тоа што задолжувањето не се реализирало во 2017 година, потребно е нова одлука.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА", против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за краткорочно домашно задолжување на општина Делчево.

**Дваесет и втора точка- Информација за загадувањето на воздухот во Општина Делчево и мерки преземени од страна на овластениот инспектор за животна средина.**

Образлагач по точката поднесе Љупчо Симоновски-Овластен инспектор за животна средина кој рече дека оваа Информација е по барање на член на Совет и поставено советничко прашања. Во информацијата е наведено што тој како овластен инспектор за заштита на животна средина преземал во изминатиов период во врска со загадувањето на воздухот, при што истакна дека сите субјекти кои подлежат на Уредбата за задолжително изготвување на елаборат за заштита на ЖС, имаат изготвено и редовно се контролираат дали постапуваат по елаборатот. Сите конфекции на подрачјето на општина Делчево се опоменати да не користат текстилни отпадоци за затоплување бидејќи го загадуваат воздухот и се информирани дека ќе биде поднесена прекршочна пријава. Контроли се извршени кај неколку правни и физички лива и не е затекнато горење на текстил, пластика или гума. Во Делчево нема мерна станица и затоа нема податок за концентрацијата на ПМ10 честичките. Извршено е и чистење на неколку диви депонии на подрачјето на општина Делчево, по иницијатива на Градоначалникот на општина Делчево и на поставено советничко прашање.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави катица Трајкова Тасева која рече дека таа како член на Советот ја побарала оваа информација. Таа изрази благодарност до инспекторот за животна средина за изготваната информација. Лично сметам дека ние како Совет и како општина не сме направиле буквално ништо за спречување на загадувањето и подобрување на квалитетот на воздухот. Слушајќи го образложението на инспекторот излегува дека граѓаните на Делчево дишаат „алпски воздух" што не соодветствува со реалната слика/ситуација со воздухот во Делчево. Факт е дека воздухот во Делчево е загаден, и факт е дека ние мора да изнајдеме начини, механизми да го спречиме тоа. Лично сметам дека на граѓаните на Делчево им должиме едно големо извинување бидејќи не сме способни да се справиме со овој проблем, рече К.Т.Тасева.

Љ.Симоновски рече дека тој како инспектор за животна средина во своте законски надлежности постапил и ги задолжил субјектите да изготват елаборати за заштита на ЖС и дека нема ингеренции да им влезе во домот на граѓаните и да врши контрола кој со што се

затоплува. Воздухот се загадува и од согорувањето на боровите дрва со кои се затоплуваат голем број на домаќинства во Делчево.

К.Т.Тасева рече дека граѓаните на Делчево отсекогаш најголем дел се затоплувале со огревно дрво па воздухот не бил загаден, значи дека тој се загадува од други материјали кои се забранети за согорување бидејќи се штетни по здравјето на луѓето и предизвикуваат најразлични заболувања.

Влатко Величковски рече дека загадениот воздух во Делчево е реалност и за тоа сме сведоци сите. Факт е дека што и да се согорува предизвикува штетни материи во воздухот. Тој го праша инспекторот дали има законска надлежност да се забрани согорувањето на боровото дрво за огрев и дали може да се врши контрола кај физичките лица за да се види што тие користат за затоплување?

Љ.Симоновски рече дека тој нема законска надлежност да ги контролира домовите на физичките лица, тоа не епредвидено во ниту еден закон. Единствено според Законот за јавна чистота се казнува согорувањето на (пластика, текстил, гума и сл) на јавна површина.

Во оваа дискусија се вклучи и Градоначалникот на општина Делчево кој рече дека инспекторот мора да си ја врши својата работа и да постапува согласно неговите законски надлежности. Разговарано е со претставници на невладини организации за аплицирање на проект за набавка на мерна станица и мерење на ПМ10 честички. Се сложувам со дискусиите, евидентно е загадувањето. Мора да се делува превентивно и на свеста кај граѓаните за штетноста од согорувањето на пластика, текстил, гума и др. Отпадни материјали.

**Дваесет и трета точка-Правилник за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Сузана Петровска-Раководител на Одделението за правни и општи работи и јавни дејности која рече дека со овој Правилник се утврдува начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на наградите и признанија кои ги доделува Општина Делчево .Општина Делчево ги доделува следните награди и признанија:
1.Општинска награда;
2.Општински признанија;
3.Награди кои се доделуваат по одредени поводи и настани.
Таа истакна дека општинската наградата се доделува за остварувања реализирани во период од една година до објавувањето на огласот како и подолг период на работно и творечко ангажирање.Општинската наградата се доделува на денот на празникот на Општината 7 –ми Септември.Одлуката за доделување на општинската награда донесува Советот на Општината, а свечено ја врачува Градоначалникот на Општина Делчево.
Наградата се доделува врз основа на конкурс што се објавува во средствата за јавно информирање.
Конкурсот се објавува во средствата за јавно информирање најдоцна до 1-ви Јули во тековната година и трае 30 дена.
Наградата за физички лица се состои од плакета и паричен износ.
Наградата за правно лице се состои од плакета.
Плакетата за доделување на Наградата содржи назив на наградата, годината за која се доделува, име и презиме, односно назив на правното лице и назив на трудот, делото односно постигнувањето за кое се доделува Наградата.
Формата(образецот)на плакетата ја утврдува Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево.
Постапката за предлагање и утврдување на предлози ја спроведува Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево, а ја именува Советот за време од четири години.Комисијата се состои од седум членови, од кои двајца членови на Советот, тројца членови се именуваат од редот на истакнати научни, просветни, културни и спортски работници од подрачјето на Општина Делчево и двајца членови државени службеници, вработени во Општина Делчево. Комисијата ги врши следните работи:
- Утврдува критериуми за доделување на награда;
- Распишува конкурс за доделување на награди;
- Донесува предлог-одлука за бројот и паричниот износ на наградите;

- Донесува предлог-одлука за доделување на годишната награда;
- Ја утврдува формата(образецот)на плакетата што се доделува на носителите на наградата;
- Врши и други работи поврзани со постапката за доделување награда.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата бешезатворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“,прорив и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го донесе Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево.

**Дваесет и четврта точка-Предлог-Одлука за формирање на Штаб за заштита и спасување на подрачјето на општина Делчево.**

Точката ја образложи Кире Цоневски кој рече дека се формира Штаб за заштита и спасување за подрачјето на општина Делчево во
состав:
1.Игор Жежовски-командат
2.Кире Цоневски -началник
За помошници
3.Ванчо Новоселски-началник за оперативни работи
4.Љупчо Симоновски-заштита и спасување од поплави
5.Влатко Мицевски-заштита и спасување од пожари
6.Борче Стоименовски-згрижување и евакуација
7.Д-р Игор Јовановски- медицинска помош

Во состав на Штабот влегува помошен персонал во состав,
1.Тања Стојковска-адимистратор
2.Марјан Златковски-курир
3.Ванчо Белогаски-возач

Задачата на Штабот за заштита и спасување за општината Делчево е да раководи со општинските сили за заштита и спасување и другите учесници ангажирани за заштита испасување на подрачјето на Општината Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор расправата по точката беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување на подрачјето на општина Делчево.

Со исцрпувањето на Дневниот ред, 4.седница на Советот ан Општина Делчево заврши со работа во 17.50 часот.

**Записникот го водела**
**Снежана Трајкова**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**